Број на Службен весник: 150/2014
Датум на објавување: 14.10.2014

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 78 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14 и 116/14), министерот за труд и социјална политика, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК ЗА ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува начинот за остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, образецот на барањето и потребната документација, образецот за дадено мислење од страна на матичниот лекар за потребата од помош и нега од друго лице, составот и начинот на работата на стручната комисија и второстепената комисија, легитимацијата на стручните лица, начинот на водење евиденција за издадените наоди и формата и содржината на образецот за давање на наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице.

**Член 2**

(1) Барањето за остварување на право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице се доставува до месно надлежниот центар за социјална работа (во натамошниот текст: Центарот).

(2) Барањето од став (1) на овој член се издава на образец „Барање за остварување на право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице" кој е даден во Прилог бр. 1 и составен дел на овој правилник.

(3) Образецот на барањето од став (1) на овој член се печати на хартија во бела боја со А-4 формат и содржи: податоци за примателот на барањето; наслов на Барањето.; податоци за подносителот на барањето; датум и место на поднесување на барањето, место за потпис на подносителот на барањето и на службеното лице кое го примило барањето и документацијата која се поднесува/обезбедува кон барањето.

**Член 3**

(1) Кон барањето од член 2 став (1) од овој правилник се поднесува/обезбедува следната документација:

1. важечка лична карта за државјанин на Република Македонија, дозвола за постојан престој на странецот, важечка лична карта за лице барател на право на азил, лице со статус на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита, се доставува само на увид за докажување на идентитетот и државјанството,
2. мислење од матичен лекар за потребата од помош и нега од друго лице со Бартелов индекс,
3. конзилијарно мислење со наод или отпусно писмо со специјалистички извештај и/или друга медицинска документација и
4. уверение за остварени годишни приходи.

(2) За поднесените документи во фотокопија, на увид се доставува оригиналот.

(3) Конзилијарно мислење со наод од став (1) точка 3 на овој член се обезбедува преку „Мој термин", кој се закажува преку матичниот лекар на подносителот на барањето согласно прописите од областа на здравствената заштита.

(4) По исклучок доколку лицето е потполно неподвижно и не може да се јави на закажаниот термин, лекарите специјалисти од соодветните специјалности за давање на конзилијарно мислење со наод, врз основа на приложената медицинска документација прегледот го вршат во домот на подносителот на барањето или издаваат конзилијарно мислење со наод врз основа на отпусно писмо со специјалистички извештај и/или друга медицинска документација.

(5) Конзилијарно мислење со наод се издава од страна на тројца лекари специјалисти од соодветната специјалност, соодветна на основната болест на подносителот на барањето.

(6) Од страна на центарот за социјална работа се определува лице за координација за поднесените барање за остварување на правото на помош и нега од друго лице.

(7) Подносителот на барањето ги приложува документите од став (1) точки 2 и 3 на овој член, а Центарот по службена должност ги обезбедува документите од став (1) точка 4 на овој член, по пат на размена на податоците по електронски пат со надлежната институција или во писмена форма, по претходно дадената писмена согласност на подносителот/корисникот за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице.

**Член 4**

(1) Центарот за социјална работа барањето за прибавување на податоци за факти за кои службена евиденција води друг државен орган, односно друг субјект кој води регистар на податоци, по претходно дадената согласност од странката за користење на нејзините лични податоци во постапката за остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, го поднесува на образец - Барање за прибавување на

податоци по службена должност, кој е даден во Прилог бр. 2 и е составен дел на овој правилник.

(2) Барањето од став (1) на овој член се печати на хартија во бела боја со А4 формат и содржи: податоци за центарот за социјална работа кој поднесува барање за размена на податоци по електронски пат со надлежните институции или во писмена форма во постапката за остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, податоци за службеното лице кое постапува по барањето на странката во институцијата која бара податоци, предмет на барањето на странката доставено до центарот за социјална работа надлежен за решавање на барањето и согласност од странката која што поднесува барање.

(3) Институцијата која дава одговор по поднесеното барање, одговорот го доставува до центарот за социјална работа на образец - Одговор на барањето за прибавување на податоци по службена должност, кој е даден во Прилог бр. 3 и е составен дел на овој правилник.

(4) Одговорот од став (3) на овој член се печати на хартија во бела боја со А4 формат и содржи: податоци за институцијата која доставува податоци за кои води службена евиденција, податоци за службеното лице кое доставува одговор и податоци за странката за која се доставуваат податоците.

**Член 5**

(1) Писмената согласност за користење на личните податоци на подносителот на барањето во постапката за остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице се дава на образец - Изјава, кој е даден во Прилог бр. 4 и е составен дел на овој правилник.

(2) Писмената согласност од став (1) на овој член се печати на хартија во бела боја со А4 формат и содржи: име и презиме на подносителот на барањето, единствен матичен број на граѓанинот, место и адреса на живеење, број, датум и орган кој ја издал личната карта, содржина на изјавата и место за потпис на подносителот на барањето.

**Член 6**

(1) Мислењето од матичниот лекар за потребата од помош нега од друго лице со Бартелов индекс се издава на образец „Мислењето од матичниот лекар за потребата од помош нега од друго лице“, кој е даден во Прилог бр. 5 и е составен дел на овој правилник.

(2) Образецот од став (1) на овој член содржи: наслов на мислењето; мислење на матичниот лекар; медицинската документација која се доставува во прилог; Бартелов

индекс; датум и место на составување; место за потпис и факсимил на матичен лекар и напомена.

**Член 7**

(1) Под трајни или привремени промени на здравствената состојба во смисла на овој правилник се сметаат вродени или стекнати заболувања или повреди на органите или органските системи утврдени според Меѓународната статистичка класификација на болестите и сродните заболувања на Светската здравствена организација при што во посебна листа се селектирани оние ентитети кои доведуваат до тешки оштетувања на физичките и менталните функции и намалување или губење на функционалната способност на лицето за самостојно извршување на секојдневните активности за задоволување на основните животни потреби - Листа на трајни и привремени промени на здравствената состојба.

(2) Листата на трајни и привремени промени на здравствената состојба од став (1) на овој член е дадена во Прилог бр. 9 и е составен дел на овој правилник.

**Член 8**

(1) Наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице дава надлежната стручна комисија (во натамошниот текст: „стручната комисија”).

(2) Стручната комисија е составена од три члена од кои:
1. доктор специјалист или доктор на медицина, претседател;
2. доктор специјалист или доктор на медицина, член и
3. доктор специјалист или доктор на медицина, член.

(3) Наодот, оцената и мислењето од став (1) на овој член се издава на образец „Наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице“ кој е даден во Прилог бр. 6 и е составен дел на овој правилник.

**Член 9**

Наодот, оцената и мислењето од член 8 од овој правилник содржи: назив на стручната комисија; број и датум на наодот; назив на центарот за социјални работи каде се поднесува барањето, како и број и датум на поднесување на барањето; наслов на наодот, оцената и мислењето; општи податоци за лицето за кое се однесува барањето; основ за давање на наодот, оцената и мислењето; збирни резултати од прегледот и испитувања на членовите на стручната комисија; дијагноза на болеста со назначување на шифрата; приложената медицинска документација; оцена за потребата од помош и нега од друго лице; контролен преглед; забелешка; место за потпис на членовите на комисијата и место за печат.

**Член 10**

(1) Со работата на стручната комисија раководи претседателот на стручната комисија.

(2) Стручната комисија работи и одлучува во полн состав, а по исклучок во случај на оправдано отсуство на еден член, може да одлучува во состав од два члена.

**Член 11**

(1) Стручната комисија дава наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице врз основа на конзилијарното мислење со наод, или отпусното писмо со специјалистички извештај и/или друга приложена медицинска документација и списите во предметот.

(2) За лицата кои се потполно неподвижни стручната комисија дава наод, оцена и мислење врз основа на непосреден преглед на подносителот на барањето и приложената медицинска документација и списите во предметот.

**Член 12**

(1) Во постапката по поднесена жалба против првостепено решение за правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, Наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице дава второстепената комисија за давање наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице (во натамошниот текст: второстепената комисија).

(2) Второстепената комисија е составена од три члена, од кои:
1. доктор специјалист, претседател;
2. доктор специјалист, член и
3. доктор специјалист, член.

(3) Со работата на второстепената комисија раководи претседателот на комисијата.

(4) Второстепената комисија работи и одлучува во полн состав на работни седници, а по исклучок во случај на оправдано отсуство на еден член, комисијата може да одлучува во состав од два члена.

(5) Второстепената комисија дава наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице врз основа на медицинската документација и списите во предметот.

**Член 13**

Наодот, оцената и мислењето од член 12 од овој правилник се издава на образец кој е даден во Прилог бр. 7 и е составен дел на овој правилник и содржи: назив на

второстепена комисија; број и датум на давањето на наодот оцената и мислењето; општи податоци за лицето за кое се однесува барањето; дијагноза на болеста со назначување на шифрата; оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице; контролен преглед; податоци за потребата од повторно упатување и прегледување од страна на Стручната комисија за давање наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице; место за потпис на членовите на комисијата и место за печат.

**Член 14**

(1) Легитимацијата на стручните лица (во натамошниот текст: легитимацијата ) се издава на образец „Легитимација на стручно лице за утврдување на неспособност за работа и потреба од помош и нега од друго лице", кој е даден во Прилог бр. 8 и составен дел на овој правилник.

(2) Легитимацијата се печати на картон во бела боја, со димензии 90x55 мм, обвиена во проѕирна пластична обвивка.

(3) Предната страна на легитимацијата содржи: назив на јавната установа за социјална заштита при која е формирана Комисијата, место за слика со димензии 28x32 мм преку која се става печат на јавната установа за социјална заштита ,наслов на легитимацијата, име, презиме и занимање на носителот на легитимацијата и сериски број на легитимацијата.

(4) Задната страна на легитимацијата содржи: текст "Овластување - Носителот на оваа службена легитимација, како стручно лице утврдува потреба од помош и нега од друго лице и неспособност за работа", архивски број, датум на издавање, место за потпис на директорот на јавната установа за социјална заштита при која е формирана комисијата, а во средината место за печат.

**Член 15**

(1) Евиденцијата на издадените наоди, оцени и мислења на стручната комисијата за утврдување на потребата од помош и нега од друго лице се води во книга и електронски и содржи: реден број, број и датум на предметот на центарот за социјална работа, име, презиме и единствен матичен број на барателот, број на наодот, оцената и мислењето, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице, дијагноза на основната болест со назначување на шифрата, контролен преглед и забелешка.

(2) Евиденцијата која се однесува на лице барател на право на азил, лице со статус на признат бегалец и лице под супспидијарна заштита, не се разменува на каков било начин со нивната земја на потекло.

**Член 16**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице („Службен весник на Република Македонија“ бр.122/09, 36/12 и 150/12).

**Член 17**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 10-8374/1 | Министер |
| 13 октомври 2014 година | за труд и социјална политика, |
| Скопје | **Дими Спасов,** с.р. |

**Прилог** (https://www.akademika.com.mk/daisyImg/eJurist-mk/143826-ejst/version/1/part/5/data)